РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 956/6
02.02. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и 57 став 1 точка 7 и 8 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19 и 58/24 и 124/25), и член 136 став (1) точка 4 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015 и 65/2018), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за запирање на постапката за издавање на решение за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии- додипломски студии (240 ЕКТС) по „Преведување од албански, македонски на германски и обратно“, на Факултет за хуманистички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје**

1. Се запира постапката за издавање на решение за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии- додипломски студии (240 ЕКТС) по „Преведување од албански, македонски на германски и обратно“, на Факултет за хуманистички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр.08-400/6 од 19.03.2024 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за хуманистички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје се обрати со барање бр.08-395/1 од 08.04.2024 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр.08-956/1 од 10.12.2024 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии- додипломски студии (240 ЕКТС) по „Преведување од албански, македонски на германски и обратно“, на Факултет за хуманистички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-956/4 од 21.08.2025 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Во текот на постапката, Факултет за хуманистички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје достави барање со бр. 08-91/1 од 26.01.2026 година , со кое е побарано прекин на студиската програма.

Согласно член 136 став (1) точка 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015 и 65/2018), управната постапка се запира кога подносителот на барањето ќе побара нејзино запирање, а нема спротивни јавни интереси за нејзино понатамошно водење. Во конкретниот случај, не постојат законски пречки за запирање на постапката.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР**,
Доц. Д-р Христина Серафимовска

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архивата на АКВО
изработил: Милена Ефремовскаа
одобрил: Севгил Муртезин